*Димче КОЦО*

# НЕРЕЗИ

Историјата на Нерези е неразделна од историјата на растежот на онаа научна дисциплина што ни е позната под поимот историја на уметноста или, уште поточно, под поимот историја на византиската уметност. Првите страници на оваа историја беа скромни, недоволно прецизни и во почетокот повеќе од несигурни. Разбирањата што го наоѓаа своето место во тие почетоци на проучувањата на оваа уметност беа толку далеку од вистината што само на правите научници, на оние личности што не поткleкнуваат пред најтешките пречки им остануваше нужната енергија за натамошни акции. А такви тогаш „научни", а денес сосем ненаучни разбирања за средновековната византиска уметност или за онаа што влегува под тој широк поим беа доминантни до почетокот на нашиов век. Од некои еминентни познавачи на западноевропската уметност беше дури искажано мислење за византиската уметност дека таа нема ништо креативно, ништо што би ја окарактеризирало како прогрес, како придонес во животот и нејзиното ширење се оценуваше како негативна појава во живописот на средновековните народи. Авторот на толку ценетата книга „Аполо", Соломон Ренак, којшто даде луцидни карактеристики за некои гранки од европската уметност, особено од италијанската ренесанса, квалитетите на византиската уметност ги окарактеризира со снагата на смртоносниот здив.

Меѓутоа, снагите на вистинската научна мисла секогаш се способни да ја откријат вистината, да го најдат правиот лик и вистинските историски и естетски вредности на оние дела што биле и останале највисок ликовен дострел во едно општество, епоха или период. Постепено, со многу, честопати и недоволно разбрани и оценети напори, тие откриваат нови страници и го осветлуваат историскиот пат што бил помрачен или како таков претставен поради непознавањето на вистината. Историјата ни е сведок за веродостојноста на ваквите констатации. Требаше да се чека крајот на XIX век за да се потврдат повторно вредностите дури и на уметниците како што се големиот и ненадминатиот драматург во германското сликарство Матијас Готхард (Гриневалд) и шпанскиот сликар Доме-

нико Теотокопулос Ел Греко, визионер со невидени ликовни вредности. Заслуга на науката е тоа што, иако доцна, се ослободија од заборав овие како и многу други великани. Ист е случајот и со византиската уметност, под чиј поим се проучуваат и уметностите на средновековните балкански народи. Со развитокот на науката, со појавата на нови вистински борци на научна мисла, почнувајќи од патријархот на историјата на византиската уметност Кондаков, чија активност доаѓа до полн израз кон крајот на XIX и првите децении на XX век, преку научници како што се Шарл Дил, Габриел Мије, Оскар Вулф и други до современите еминентни научници чии имиња се толку бројни што би се направила вистинска неправда ако би се задржале само на некои од нив, како на пример на Виктор Лазарев, Андреј Грабар, Владимир Р. Петковиќ, Пол Лемерл, Светозар Радојчиќ, Ѓурѓе Бошковиќ, Никола Окунев, Франц Стеле, Богдан Филов, Крсто Мијатев, Андре Ксингопулос, Ото Демус и многу други, зашто постои цела плејада научни работници што многу допринеле да се открие византискиот пулс и снага, креативноста и големата ликовна вредност на византиската уметност. Се открија нови видици, пред современиот свет израсна една голема уметност. Византиската уметност разбрана во нејзината битност како творба на многународна држава, или на народи што биле под културно, политичко и економско влијание на Византија, која во голема мерка и ги определувала нејзините смерници, застана достојно по своите не само историски, туку и ликовни квалитети до оние уметнички епохи што лежат во темелите на современата европска култура, зашто без византиската уметност и култура денес тешко може да се разбере 1 000-годишниот пат на современите европски народи.

А Нерези е важен пункт на тој пат.

Нерези постана поим од третата деценија на нашиов век. Покојниот професор на предвоениот Филозофски факултет во Скопје Н. Окунев во своите истражувања на средновековната уметност на југословенските народи го опфати и Нерези. И негова е заслугата што по откривањето на вредноста на првиот слој живопис се поставија толку важни прашања во науката што имаме цела низа научни трудови во коишто се бара одговорот. Земајќи ги како сосем научно поставени ликовните вредности на нерешкиот живопис и опирајќи се како на веродостојни указанија на Окунев и за другите проблеми што ги постави ансамблот Нерези, во науката Нерези зазеде такво место што, без Нерези невозможно е да се проучува византиската уметност воопшто, а средновековната уметност на балканските народи посебно, од XII век наваму. Дали се работи за периодот на Комнените или на Палеолозите, за врвните постигања на првиот или за темелите на вториот период или пак за иконографски и ликовни проблеми што се однесуваат и на двата периода, сеедно, Нерези е или во првиот план на проучувањата или

важен елемент за правилно проучување на отворените проблеми. Без Нерези денес е веќе речиси неможно да се разберат цели столетија на ликовниот развиток на балканските земји, вклучувајќи го и Цариград како најважен не само политички и економски, туку и културен центар за сите земји околу источните брегови на Средоземното Море.

Важниот проблем за византиските вредности и вредносни разлики на средновековната уметност во сферата на православните цркви во голема мерка се појасни по откривањето на Нерези, со компаративно проучување на спомениците што се датираат пред или по Нерези. Извонредните споменици со раскошните мозаици во Дафни, Неа Мони на Хиос, во Св. Лука во Фокида, во базиликата Св. Марко во Венеција, во катедралите во Торчело, Мурано и Трст, во Св. Софија во Киев или во Новгород, во Кора и др. или со проучените фрески во Св. Софија во Охрид, во Св. Ѓорѓи во Курбиново крај Преспа, во костурницата на Пакуријана во Бачковскиот манастир, во Бојана или во нартексот на солунската Св. Софија, во криптата на базиликата во Аквилеја и многу други го добија своето попрецизно и помодифицирано место во процесот што се реализирал со вековните промени на разбирањата за сушноста и намената на фигуративната уметност. Нерези ја дополни научната вистина и за степенот на влијанијата и врските на Цариград со другите културни центри во Византија, со средновековните балкански држави и со оние што биле надвор од Балканот.

Концепциските блискости на Нерези со Ѓурѓеви Ступови кај стариот Рас во средновековната Рашка од една страна и фреските во црквата Св. Спас во Нередица од друга, помогнаа да се види не само снагата на балканската средновековна уметност и култура, туку и димензиите на нејзината продорност. А вакви димензии, од Нерези до Нередица, односно до северните области на Русија и толку голема продорност и упорност во историјата се познати само како достоинство на големи цивилизации и високи културни нивоа, се разбира мерени со историските мерила за поимот што го употребуваме.

Откривањето на Нерези претставуваше важен настан и по однос на оние основни мерила што на италијанскиот дученто му го даваа предимството за појавата на нови, почовечки, пореални и во поголема мерка оддалечени од средновековната скочанетост елементи што водеа кон една нова епоха. До откривањето на Нерези, во науката доминираше мислењето дека човечките чувства, психичките моменти, тагата изразена на земен начин, со бол што може да биде присутен во реални земни ситуации, биле одлика само на западната уметност, на готиката и во средновековната уметност кај балканските народи овие нови квалитети на уметноста се сметаа само како импорт од Запад. Делата на Ѓото ди Бондоне и Дучо ди Буонинсења, на Симоне Мартини, на браќата Пиетро и Амброѓо Лорен-

цети, како и делата на непознатите автори на ангелите што со насмевки на лицето ја красат фасадата на Ремската катедрала, беа на Запад меѓу првите весници на оној значаен растеж во уметноста што во XV век во Италија се оформи како нов квалитативен скок под поимот ренесанса. А точно тие одлики лежат во најтенкото ткиво, во оние нежни нишки што ја изразуваат најдлабоката психичка ангажираност на творецот во Нерези. И се постави дилемата, дали ренесансната уметност се појавила на Балканот, односно на Исток или на Запад? Одговорот е веќе јасен. Ако се само драматичните моменти, оние преживувања што се истакнуваат како најважна карактеристика на творештвото на пример на еден Ѓото, да го земеме него како најголем и најмаркантен, што го определуваат како весник на една нова и тоа гигантска епоха, тогаш нејзините весници ги имаме за повеќе од едно столетие порано во нашава земја, овде, на Балканов, кадешто фреските од Нерези се најверодостоен показател. Меѓутоа, патиштата по коишто одат уметностите од исток и оние од Запад се дијаметрално различни и историските услови позволија таму, а не на Балканов, односно на Исток, да се појави новата уметност. Кај нас, меѓутоа, поинтензивно отколку, како што е досега познато, во другите балкански земји или на Исток воопшто, најизразито се реализирани споменатите елементи. Болката од „Оплакувањето" во Нерези е невидена во византиската уметност воопшто. Дури и во споредба со истоимената композиција на Ѓото, Нерези стои на преден план. И тоа не во иконографска смисла. Иконографски овој мотив, изгледа, не е најран во Нерези. Нерези е ненадминато од чисто креативен аспект, во драматичноста, во онаа емотивност што до скоро изгледаше невозможна за византиската уметност, дотолку повеќе кога се работи за еден толку ран период како што е оној во којшто временски се вклопува и Нерези. А такви разбирања и ликовни реализации не се случајни, ниту изолирани во Нерези. Речиси во сите композиции, та дури и во одделните личности, човечкото доаѓа на преден план. И тоа без оглед на изграденоста на оној калиграфски елемент што постанал толку битен за уметноста на Комнените од оваа епоха, така што би можел да биде, во извесна смисла, и негација на основните интенции за совладување на нови и непознати вистини во духот на она што на Запад, иако таму нешто подоцна, се појавуваше како ново. И почнувајќи од откривањето на Нерези наваму, се појавија значајни и бројни мислења за патиштата и корените на овој нов феномен во византиската уметност воопшто и посебно за средновековниот живопис во Македонија. Од некои личности овој факт беше третиран дури и со ненаучни тенденции, со намера да се одземе можноста за постоење на нешто битно и индивидуално во уметноста на овој дел од Балканот. Се разбира, длабоки се корените на неговото постоење. Нерези секако, не е првиот споменик во Македонија во којшто дошле до израз ваквите елементи. Но мајсторот на Нерези, тој анонимен творец што со силата на својот

талент успеал да го изрази врвното на своето време, да биде сведок за постоењето на едно толку високо ликовно ниво што и денес нè восхитува, тој зограф што толку јасно и така интензивно и во складни акорди со целиот ансамбл, архитектурен, скулптурален и ликовен, го изразил овој феномен, е првиот наш великан што си го осигурал почесното место во сите истории на уметноста. Во една на моменти пригушена минуциозност, пригушена од канонската стега на црковната организација, пулсираат набрекнати токови невидени до Нерези. И затоа, овој анонимен мајстор повеќе е познат од многу познати мајстори што живееле столетија по него. Како и мајсторот на Сопоќани, оној чудесен волшебник на бојата и монументалноста изразена со чисто ликовни средства, и тој не губи ништо заради неговата анонимност. Ниту заради нашето незнаење за неговата народносна припадност. Двајцата се големи и наши, исто толку колку и општобалкански и општочовечки, зашто нивната уметничка вредност не е само национална, туку и интернационална. Со ова се потврдува вистината дека делата создадени во една земја се гордост на сите народи што припаѓаат на одредена цивилизација и култура, ако нивната вредност ги надминува регионалните граници, ако во нив лежат заложби што не можат да се намалат со промените на животот и разбирањата на луѓето низ историскиот развиток на општеството.

Нерези е особено значаен споменик и со оглед на степенот на којшто е поставена вредноста на бојата во ликовната уметност. Нашиве генерации, воспитани по богатата активност на ликовниот план во разрешување на проблемот на бојата што започна од првите европски романтичари, а посебно од импресионистите наваму, со создавање на одреден суд за важноста на бојата во сликарството го определија и својот однос кон уметничките дела, во прв ред со оглед на колоритот. Тргнувајќи од вистината дека вредноста на ликовниот уметник е неразделна од неговата музикалност за бојата, во своите судови тие се раководат од овој современ критериум. И точно заради тоа што и уметникот на Нерези на бојата ѝ го дал приматот, Нерези израсна брзо како ретка творба и за нашите современи разбирања. Тој не е, значи за нас значаен гледан само низ историска призма. Во него не наоѓаат големи вредности само историчарите на уметноста. Нерези е поим и за современиот уметник, за оној суптилен лирик и деликатен поет на палетата или аналитичар на ликовното творештво, што проучува како најпрецизен лабораториски научник во сложените современи лаборатории. Нерези е дури и идеал за многу уметници, зашто бојата на нерешките фрески е најделикатниот акорд, суптилност рамна на најсуптилните реализации на светските великани. На наши или странски, сеедно. Нерези е веќе толку позната вредност што не се поставува прашањето чиј споменик е тој, зашто тој е споменик и наш и на општата култура на човекот, на стремежите за пого-

леми постигања на сите оние што во уметноста гледаат една од компонентите што го чинат поимот човек.

Колку се големи ликовните квалитети на фреските во Нерези покажува нивната незаменливост дури и по интензивните проучувања на византиската уметност воопшто, и посебно на средновековната уметност на југословенските народи за време на еден период, којшто, ако не по времетраењето, тоа по резултатите, претставува голем придонес во науката. Се открија многу значајни фрески, се откри и монументалниот живопис во Св. Софија во Охрид,се проучија бројни новооткриени фрески не само во Југославија, туку и во околните балкански земји, но Нерези не ја изгуби својата вредност, значењето и првоа разредното место. Напротив, вредноста на неговите фрески порасна. Со можните споредувања се открија уште појасно оние нивни квалитети што Никола Окунев, Франц Мессенел и последниве години Виктор Лазарев ги оценија како исклучителни качества на едно сликарство чија поврзаност со Цариград само го определува коренот на она творештво што се издигнало во прв ред во метрополата на тогашниот културен свет, во Цариград. И точно оваа поврзаност на фреските во Нерези со најголемиот културен центар во овој дел на Европа претставува нов квалитет за средновековната уметност во Македонија во споредба со фреските во охридската Св. Софија, зашто Нерези претставува несомнено растење во смисла на пречистување на местото на бојата во ликовната уметност, во смисла на определување на нејзината снага што во средновековната уметност кај балканските народи ја наоѓаме како важна компонента. Корените на оваа компонента навистина се во ориенталните уметности, од каде се пренесени на наш терен, но тука тие се комбинирани со нови елементи создадени од еден нов менталитет. Може да се каже дека во ова синтетично предавање на постигањата на другите големи уметности што претходеле на Нерези, доминантната улога ја одиграла личноста на зографот, неговиот исклучителен талент, големото срце што ја водело четката по оние нерамни нерешки ѕидови на коишто се создале ликови колку разнообразни, толку и единствени. Топлината на Нерези, оној сликарски нерв што го држи нашето внимание и што нè поставува во положба на запазување на одредена дистанца наложена од респектот кон величината на авторот, она несекојдневно доживување што го имаме пред нерешките фрески ја потврдува констатацијата толку пати повторена во научната литература дека фреските во Нерези го задоволуваат вкусот на оние современици што биле носители на тогашната култура, на онаа култура, која дури и за западноевропските земји го имала тогаш својот најголем културен центар во Цариград. И како да е пресвртница времето на Нерези за една поларизација на оваа култура во полза на Запад. Од појавата на нерешките фрески наваму и во западноевропските земји се создаваат значајни дела достојни на нивните современи творби на

спротивната страна на Европа. На Запад тогаш започнува ѕидањето на великолепните готски катедрали, на оние симболи на снагата на градовите што биле во перманентно растење. Се создаваат речиси на целата територија на Европа дела од трајна уметничка вредност. Кај нас, во Југославија и во соседните земји, тогаш се создадени оние вредности што како поими Милешево, Сопоќани, Св. Никола во селото Варош, Манастир, Бојана, Кахрие Џами, солунските Дванаесет апостоли, охридската Богородица Перивлептос, Нагоричино и многу други значат пандан на уметничките вредности на катедралите во Париз, Шартр, Амиен, Ремс, Келн, Милано и многу други градови. И заради научната вистина треба да се констатира дека, иако им се стиловите на споменатите дела различни, уметничките квалитети им се блиски. А оваа констатација ја определува не само климата на создавањето на овие дела по Нерези, туку и климата во којашто се створени нерешките фрески. Оттаму произлегува и нужниот заклучок дека Нерези е плод на една висока цивилизација, дело на голема култура, заклучок што до почетокот на нашиов век изгледаше неможен, а денес логичен и реален. А и како би можело инаку да се објаснат вредностите на оние бројни споменици од кои само еден мал дел овде е споменат, освен како резултат на едно издигнато општество, напредно во секој случај во споредба со другите општества со пониски постигања во општествениот развиток. И врвните постигања на тоа средновековно општество, во својата суштност изградено врз темелите на феудализмот, се дела меѓу кои во првата редица стои Нерези, креации во кои индивидуата претставува значаен фактор, рожби што наговестуваат нови видици. Затоа и Нерези е достоен за почит. Затоа неговите фрески се познати во целиот свет. Во овие одлики на фреските во Нерези се реализирани стремежите на една средина што не живеела на периферијата, туку во центарот на современото општество, во судирот на преживеаното со бараното, на старото со младото, на минатото со иднината.

Нерези е поим за иднината на уметноста, поим за новите патишта на средновековната уметност на Балканот од средината на XII век наваму.